ТЕКС ОД МАГНЕТОФОНСКА
ЛЕНТА – од Наум Веселинов
– ОРИГИНАЛ – КАЈ Крсте

**ПРИБИРАЊЕ НА ОДРУЖЈЕ**

По капитулацијата на бивша Југославија одев на касарната во Ресен и се снабдив со пушки, бомби и муниција, кои ги скрив во специјална скривница во мојата куќа. Воениот материјал беше надополнет и со еден пушко митролез.

**ПРВИОТ ДОПИР СО МАРКСИСТИЧКА ЛИТЕРАТУРА**

Во с.Златари постоеше партиска келија чи секретар беше Димитар Гајтановски. Партиската организација настојуваше да го прошири бројот на членството. Еден ден Димитар Гајтановски и Јаким Нечовски ми дадоа неколку марксистички брошури и пропагандни летоци. Од тој момент станав симпатизер и на два пати платив членарина.

**Неисполнета желба**

Во месец јануари 1942 година бевме дојдени на воено отсуство со моите другари Крсте Соколовски и Јоне Пупалевски. Новогодишните и божиќните празници ги поминавме во селото. Нам ни се приклучи и Ванѓел Пупалевски со кого за спомен се фотографиравме. Пред заминување од отсуство побаравме јавка од партиската ќелија да излеземе партизани. Бевме одбијани со мотивација дека не постојат услови во Горна Преспа.

**8 АПРИЛ ИЗЛЕГОВМЕ ПАРТИЗАНИ**

При повторното отсаство на 8 април 1942 година на Велигденските празници од страна на Димитар Гајтановски добивме врска со партиската ќелија во Сопотско каде што заминавме и не пречека Пецо Нечовски. Во Сопотско претстојувавме два дена и две ноќи скриени во племната на Кире Танчевски. Потоа партиската ќелија не префрли во таљанска територија преку маказ до Горицитe кај с. Подмочани.

**ИЛЕГАЛЦИ ВО С.ПОДМОЧАНИ И СРЕДБА СО ИЛИЈА СПИРОВСКИ**

Во с.Подмочани се состанавме со Живко Стефановски во чија куќа не поврза со Илија Спировски каде претстојувавме 15 дена.

Еден ден на вратата затропаа со кундаци и двајца таљански карабинери.

./.

Илија Спировски ја откачи единствената бомба, но за среќа карабинерите заминаа.

Вечерта бевме префрлени кај Алексо Пржевски.

ПРВАТА СРЕДБА СО ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ"СВЕШТАРОТ"ЃОРЧЕ

По неколку дена во вратата влезе непознатото лице, облечено во селска облека, со наочари, а во рацете држеше кожница во која имаше шеќерчиња, свеќи и детски играчки, кое ни се претставе како правник од Гевгелија, а сега инструктор на КПЈ за Преспа.

Не запозна со веста, остави летоци и ни ги подари книгите" Развиток на општеството" и романот " Мајка".

ПРЕСТОЈ ВО СЕЛОТО :
ДРМЕНИ, ПОКРВЕНИК И ЛАВЦИ

Од Подмочачни со водич се префрливме во с.Дрмени кај Панде Белевски. По престој од 7 дена бевме префелени во с.Покрвеник кај Мите Трповски, а последен престој имавме во с.Лавци кај Трајчевски Јане каде еден ден дојде Свештарот и не извести дека се прекинува илегалството и ќе се формира партизански одред.

ВО ЛОГОРОТ НАД САПОТСКО И ГОПЕШКА КОРИЈА

Од 15 јуни до формирање на одредот во логорите над с. Сопотско и Гопешка Корија се собравме 17 партизани од Преспа, Битола и Прилеп. Во ова време Ѓорче го издаде Првиот партизански весник, а со Маскалот, Ангеловски Тодор - Строгов, резервен подофицер изведовме две воени вежби.

ФОРМИРАЊЕ НА ОДРЕДОТ"ДАМЕ ГРУЕВ"

На 6 јуни 1942 година во местото Бинеделско кладенче на планината Бигла во присаство на 1 делегат од Покрајинскиот комитетот- Стефан Наумов Стив, тројца од Окружниот комитет и тројца од Околискиот комитет на КПЈ, се формира партизанскиот одред"Даме Груев" во состав од 17 партизани.

~~[illegible]~~

Откако се построивме, зедовме заклетва која претходно ја подготви Јосив Јосифовски -Свештарот.

Раководството на одредот го сочинуваа следните другари:

1. Горе Велковски -командант
2. J.J. Свештарот пол.комесар
3. Наум Веслиевски зам.ком.
4. Илија Спировски зам.пол.ком.

## 2 АВГУСТ - МИТИНГ ВО СМИЛЕВО

На 2 Август Илинден одредот изврши прва акција. Уште во раните утрински часови беа извршени припреми, формирани беа две ударни групи. Да го фатат кметот и шумарот.

Во утринските часови влеговме во селата каде пред насобраниот народ одржавме прв партизански успешен митинг со што пропаднаа намерите на бугарскиот окупатор да го прослават Илинден во Смилево и да го прикажат Илинден како бугарски празник.

## Престој во Логорот над Болно

По митингот во Смилево околу 12 часот се упативме кон Битла движејќи се до с.Јанковец.

Милан Думов член на ОКК на КП со неколку комунисти од Јанковец не префрлиж преку цадето за Болнска планина.

Во време на престојот на ова место во раководството на одредот, поради одење на дотогашниот командант на позадинска работа во Битола, настанаа промена.

За командант на одредот бев поставен јас (Науме)
За заменик-Илија Јовановски-Цветан

## 39 минаја

Горче Свештарот при одржување состанок со комунистите од Болно ја донесе умножена песната 39 минаја од даровитиот македонски поет Мите Богоевски. Песната беше испеана по повод влегувањето во Смилево на триесет и девет годишнината од Илинденското востание токму затоа песната пудди побуди воскит интерес кај борците кои ја читаа гласно и ја научија.

## ПРВА БОРБЕНА АКЦИЈА

На 22 август одредот изврши напад на полицискиот участак општината и во Логорот с.Кажани. Во нападот освен одредот учествуваа и доброволци - комунисти од селата: Гавато, Братиндол, Лера и Котино.

./.

Пред нападот беа извршени припреми две групи ги скинаа телефонските жици.

МЕСТО ХРАНА ПОТЕРА

Другиот ден планиравме да извршиме напад на Општината во Прибилци, но планот пропадна, затоа што човекот, Цане од Лера место да ни донесе храна ја доведе бугарската чета и ни постави заседа. Поради нашата внимателност опасноста од поголема катастрофа ја избегнавме. Беше ранет само Пецо Вожиновски.

ПРЕСТОЈОТ НА ВРБИЦА

Видејќи беше откриен теренот на Битла се префрливме на Волнска планина Врбица каде престојувавме ____15 -16 денови.

Во ова време беше извршена провала во партиските организации во Волно, Сопотско, Златари.

Бевме известени дека ќе се изврши блокада на Волнска планина, затоа ноќта на 11.IX. се префрливме над с.Кривени од каде ги набљудувавме акциите на бугарските авијони во Болнска планина. Истиот ден дознавме за злата вест-смртта на најдобрите другари Стив и Мите. Херојската смрт не потресе, но и ја зголеми омразата кон окупаторот.

ТЕШКИ ДЕНОВИ

По провалата на партиските организации и убиството на Мите и Стив настапија тешки денови за одредот. Никој повек, освен фамилиите, не се осмелуваше да носи храна. Во тоа време залогоривме во близината на Златари. Храна ни носеа: Татко ми Ташко во кола со ѓубре и брат ми Тане и Сестрами Трајанка и Мара.

МИТИНГ ВО СОПОТСКО

Со цел да се поврати храброста и довербата на 22.X. извршивме блокада и одржавме митинг во с. Сопостско, на предавникот кметот Гоше Палицот успеа да ја извести полицијата во Ресен.

Бугарската војска ненајдена од сите страни нападна на селото. Заштитувајќи ги своите другари борецот Стерјо Ѓорѓиевски падна смртно погоден од непријателот. За убиството сите жалевме.

./.

Бидејки настапија тешки денови, одредот беше разделен на две групи.

Поголемиот дел од одредот премина на таљанска територија во с.Покрвеник во Пештерата, а ние тројцата, јас, Крсте Соколовски и Мите Трајчевски останавме над Златари во направената подземна скривница во која престојуваме до 30 декември 1942 година.

Храна ни носеше брат ми Пане, а трагата ја расидуваме со козите.

На 30 се префрливме на Италјанса територија. Во Покрвеник се приклучивме со останатите другари од каде заминавме за с.Коњско.

<u>ПРЕМИН ПРЕКУ ЕЗЕРО</u>

Од Коњско позадинецот Јордан Тасевски со чун не префрли за с. Глебочани каде ја направивме нова година.

Н [illegible]